Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26), по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 10-та седница одржана на ден __.04.2026 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби“**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдува начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација „Рацинови средби“.

Под поимот реализирање се подразбира: организација, координација и спроведување на активностите за одржување на културната манифестација „Рацинови средби“.

**Член 2**

Советот на Општина Велес со решение формира Организациски одбор на културната манифестација „Рацинови средби“.

Организацискиот одбор брои 5 (пет) членови и тоа претседател-градоначалникот и 4 (четири) членови-истакнати личности од областа на литературната дејност.

Мандатот на Организацискиот одбор е две години од денот на именувањето.

**Член 3**

Културната манифестација „Рацинови средби“ се одржува секоја година во седмицата пред или по 13 јуни-годишнината од смртта на Коста Солев Рацин.

Сите датуми поврзани со реализација на манифестацијата можат да бидат променети со Одлука од организацискиот одбор поради елементарна непогода или виша сила.

**Член 4**

Организацискиот одбор изготвува Програма за одржување на Културната манифестација „Рацинови средби“ со рокови и финансиска конструкција согласно финансиските средста за тековната година планирани во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата.

Програмата мора да оди во прилог на :

1. Афирмација на ликот и делото на Коста Солев Рацин.
2. Развивање на меѓународните контакти од областа на литературата.
3. Афирмирање на македонските литературни творечки дејности.
4. Афирмирање на достигнувањата на македонската литература и култура.
5. Афирмирање на литературните и културните вредности на народите од светот.

За реализирање на Програмата Организациски одбор се овластува да соработува со:

- институции од областа на културата од Република Северна Македонија и странство;
- манифестации од областа на културата од Република Северна Македонија и странство;
- здруженија и асоцијации од областа на културата од Република Северна Македонија и странство;
- државни органи и институции во Република Северна Македонија;
- други установи од интерес за успешна реализација на Манифестацијата.

**Член 5**

Организацискиот одбор врз основа на финансиската конструкција на Програмата донесува Одлука за исплата на хонорари и надоместоци за ангажирани лица, патни трошоци и друго.

**Член 6**

На културната манифестација „Рацинови средби" се доделуваат две награди:
- „Рациново признание" и
- „Почесно Рациново признание".

**Член 7**

Организацискиот одбор најдоцна до 30 април во тековната година распишува конкурс за доделување на наградата „Рациново признание" на автор од Република Северна Македонија за прозно дело објавено меѓу две средби во Република Северна Македонија.

Организацискиот одбор формира жири-комисија за оценување на делата пристигнати на конкурсот.

Жири-комисијата е составена од три члена-еминентни личности од литературната дејност и го врши изборот на добитникот на наградата.

Жири-комисијата донесува одлука за доделување на „Рациново признание".

Наградата „Рациново признание" се доделува само за едно дело и се состои од плакета и паричен износ во денарска противвредност на 1.000 евра.

**Член 8**

„Почесното Рациново признание" се доделува на странски автор за афирмација и популаризација на македонската литература и култура надвор од границите на Република Северна Македонија.

Одлуката за доделување на Почесното Рациново признание ја носи Организацискиот одбор.

„Почесното Рациново признание“ се состои од плакета и паричен износ во денарска противвредност на 500 евра.

**Член 9**

Членовите на Организацискиот одбор за својата работа добиваат надоместок и тоа:

- претседател-21.000,00 денари
- член(поединечно)-15.000,00 денари.

Членовите на жири- комисијата за доделување на наградата „Рациново признание“ за својата работа поединечно добиваат надоместок во висина од 15.000,00 денари.

**Член 10**

Во текот на организирањето и реализирањето на Манифестацијата, Организацискиот одбор соработува и се координира со Одделението за јавни дејности и Одделението за поддршка на градоначалникот.

По завршувањето на Манифестацијата Организацискиот одбор поднесува извештај до Советот на Општина Велес.

**Член 11**

Со влегување во сила на овој Правилник, Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби“ („Службен гласник на Општина Велес” бр.05/06,08/08,07/20 и 05/25), престанува да важи.

**Член 12**

Овој Правилник во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

Културната манифестација „Рацинови средби“ е децениска традиционална меѓународна манифестација, што се реализира седма деценија по ред.

Низ годините наназад донесен е Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби“ („Службен гласник на Општина Велес” бр.05/06, 08/08,07/20 и 05/25), кој претрпел неколку измени.

Од овие причини, очигледна е потребата да се донесе нов правилник за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби“

Имено, во истиот, јасно се дефинира како се формира Организацискиот одбор, неговата улога и улогата на жири комисијата, како и на општинската администрација.

Во Правилникот, се утврдува и висината на надоместоците, како и висината на износот на наградите.

Врз основа на горенаведените причини се јави потреба од донесување на нов Правилник и истиот се предлага да се донесе од страна на Советот на Општина Велес.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 9**

Со влегувањето во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за условите, начинот и постапката за избор на Младинска организација или Организација на млади која ќе раководи со Младинскиот Центар во Велес со бр.25-1130/12 од 28.02.2022 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.2/22).

**Член 10**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-2397/19
22.04.2025 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.126**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

## З А К Л У Ч О К
### за објавување Правилник за изменување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби“

Се објавува Правилникот за изменување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби“, што Советот на Општина Велес го донесе на 63 –та седница одржана на ден 22.04.2025 година.

Број 08- 2398/19
22.04.2025 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09,18/10,15/14, 15/18, 6/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 63-та седница одржана на ден 22.04.2025 година, донесе

## ПРАВИЛНИК
### за изменување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби“

1.Со овој Правилник се врши изменување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби“ („Службен гласник на Општина Велес“ бр.05/06, бр.08/08 и 07/20) и тоа:

Во Член 7 став 1

во алинеја 1 износот „12.000“ се менува со износот 21.000,00 денари
во алинеја 2 износот „10.000“ се менува со износот 15.000,00 денари.

2. Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-2397/20
22.04.2025 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

- создавање услови Советот на МЗ с. Горно Оризари активно да се вклучи во одлучувањето за приоритетните проекти што ќе се спроведуваат во с. Горно Оризари;
- општината истите ќе ги предвиди во програмите за работа по области и ќе ги спроведува со определени средства во Буџетот за таа намена;
- доколку се обезбедат средства од донации или доброволни прилози од МЗ с. Горно Оризари, Општина Велес висината на обезбедените средства по овој основ, ќе се заложи да ги дуплира од својот Буџет и намени за спроведување на бараните проекти.
-

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-2003/5
01.06.2020год.
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Ненад Коциќ с.р.

**Број. 140**

Врзоснованачлен 50, став 1, точка 3 одЗаконотзалокалнатасамоуправа („Службенвесникна РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутотна ОпштинаВелес („Службен гласник на Општина Велес"бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 06/19),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**ЗАКЛУЧОК**

**за објавувањеПравилник за изменување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби"**

Се објавува Правилник за изменување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби", што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.05.2020 година.

Број 08–2007/5
02.06.2020 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09,18/10,15/14, 15/18 и 6/19), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.05.2020 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**

**за изменување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби"**

1.Соовај Правилник се врши изменување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби" („Службен гласник на Општина Велес" бр.5/06) и тоа:

Текстот во член 2 се менува и гласи:

„Културната манифестација „Рацинови средби" се одржува секоја година во термин кој со Одлука ќе биде определен од страна на Организационот одбор".

Понатаму , во членот 5 зборовите „до 30 април" се бришат и се заменуваат со зборовите „до 13 јуни".

2.Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-2003/6
01.06.2020год.
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Ненад Коциќ с.р.

член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес(„Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.06.2008 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за измена и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација „Рацинови средби"**

**Член 1**

Во Правилникот за начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација „Рацинови средби" („Службен гласник на Општина Велес" бр. 5/06) се врши, следната измена и дополнување:

- во член 5, став 4 зборовите „статуетка Кочо Рацин" се бришат, а бројот „500" се заменува со „1.000".

**Член 2**

Овој Правилник влегува во сила нередниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-3071/10
10.06.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

112.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Заклучок за повлекување на точка од дневен ред**

Се објавува Заклучокот за повлекување на точка од дневен ред, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09.06.2008 година.

Број 08-3083/9
10.06.2008 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.06..2008 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за повлекување на точка од дневен ред**

1. Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2008 година беше повлечена на самата седница од страна на предлагачот

2. Програмата ќе биде поставена на дневен ред на некоја наредна седница.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-3071/12
10.06.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Веле
Трајко Бабунски с.р.

113.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 92-а, став 15 од Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование ("Службен весник на РМ" бр. 67/04), а согласно Јавниот оглас за избор на директор на ССОУ "Коле Неделковски" Велес, од 08.05.2008 година,

Градоначалникот на Општина Велес на ден 03.06.2008 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за избор на директор на Средното стручно општинско училиште „Коле Неделковски" Велес**

1.За директор на Средното стручно општинско училиште „Коле Неделковски" Велес се избира:

-Гоце Алексоски од Велес дип.проф. по музичко образование

2.Директорот раководењето со Средното стручно општинско училиште „Коле Неделковски" Велес ќе го извршува од 18.08.2008 година, во траење од 4 (четири) години.

3. Се задолжува Училишниот одбор на Средното стручно општинско училиште „Коле Неделковски" Велес, да ги извести кандидатите за извршениот избор.

·Д-р Вера Ристова – претставник од Заводот за здравствена заштита Велес,

·Д-р Маријонка Дејановска-претставник од ЈЗУ Општа болница,

·М-р Асен Прличков -претставник од ООУ „Васил Главинов“ Велкес,

·Гоце Алексоски- претставник од ОССУ „Коле Неделковски“ Велес,

·Пандорка Манева –дипломиран технолог во ЈП „Макдонија пат“,

·Бобан Пановски – дипломиран правник,

·Петар Стојанов-металург - консултантска куќа СИЛХЕМ,

·Д-р Никола Нацев – член на Советот на Општина Велес,

·Анита Мирчева – претставник од ООУ „Кирил и Методиј“,

·Катерина Блажевска – новинар, дописник на ДНЕВНИК,

·Кире Василевски – новинар, дописник на МТВ,

·Билјана Николовска – новинар, дописник на ТВ Телма и Радио 5ФМ,

·Зоран Јаневски – новинар, дописник на ТВ СИТЕЛ и Радио 5ФМ

Одборот е должен да врши континуирано следење на активностите за продажба на фабриката - објектот, да спречи рестартирање со превземање на парцијални импровизирани санациони решенија кои повторно ќе ја вовлечат општината во агонијата од минатото.

Одборот ќе предлага мерки на дејствување кои ќе одат во прилог на зачувување на здравјето на населението и спречување на натамошното деградирање на животната средина, ќе ги координира сите форми и методи на дејствување пред домашната и меѓународната јавност за почитување на определбата на јавноста топилницата да се дислоцира на друга безбедна локација врз животната средина.

За својата работа Одборот е должен секој месец за превземените активности и состојбата да го известува Советот на Општина Велес.

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3071/9
10.06.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

111.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Заклучок за донесување на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација „Рацинови средби“**

Се објавува Заклучокот за донесување на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација „Рацинови средби, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09.06.2008 година.

Број 08-3083/7
10.06.2008 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.06.2008 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за донесување на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација „Рацинови средби“**

1.Советот на Општина Велес го донесе Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација „Рацинови средби“.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Врз основа на член 5 од Одлуката за промена на правниот статус на Установата „Рацинови средби“ во културна манифестација на Општина Велес и Правилникот за начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација „Рацинови средби“ („Службен

82.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Заклучокот за усвојување на Правилник за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби"**

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација „Рацинови средби", што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.03.2006 година.

Број 0801-1203/5
31 март 2006 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 24, став 2, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.03.2006 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Правилник за начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација „Рациноци средби"**

1. Се усвојува Правилникот за начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација „Рациноци средби".

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1190/6
30.03.2006 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

Врз основа на член 5 став 2 и 3 од Одлуката за промена на правниот статус на Установата „Рацинови средби" во културна манифестација на Општина Велес („Службен гласник" бр.5/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.03.2006 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби"**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдува начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација „Рацинови средби".

Под поимот реализирање се подразбира: организација, координација и спроведување на активностите за одржување на Манифестацијата.

**Член 2**

Културната манифестација „Рацинови средби" се орджува секоја година во петок што му следи или претходи на 13 јуни, денот на погибијата на Кочо Рацин.

**Член 3**

Организациониот одбор изготвува Програма за одржување на „Рациновите средби" со рокови и финансиска конструкција и ја доставува до Градоначалникот на Општина Велес.

Програмата мора да оди во прилог на:

1. Развивање на меѓународните контакти од областа на литературата.
2. Афирмирање на македонските литературни творечки вредности.
3. Афирмирање на достигнувањата на македонската литература и култура.
4. Афирмирање на литературните и културните вредности на народите од светот.

За реализирање на Програмата Организациониот одбор се овластува да соработува со:

- Институции од областа на културата од Република Македонија и странство;
- манифестации од областа на културата од Република Македонија и странство;
- здруженија и асоцијации од областа на културата од Република Македонија и странство;
- државни органи и институции во Република Македонија;
- други установи од интерес за успешна реализација на Манифестацијата.

**Член 4**

На Меѓународната културна манифестација „Рацинови средби" се доделуваат две награди:

-„Рациново признание" и
-„Почесно рациново признание".

**Член 5**

Организациониот одбор најдоцна до 30 април во тековната година распишува конкурс за доделување на наградата „Рациново признание" на автор од Република Мкедонија за прозно дело објавено меѓу две средби во Република Македонија и формира жири-комисија за оценување на пристигнатите трудови.

Жири-комисијата работи по посебен Правилник, утврден од Организациониот одбор.

Жири комисијата донесува одлука за доделување на „Рациновото признание".

Наградата „Рациново признание" се состои од статуетка Кочо Рацин, плакета и паричен износ во денарска противвредност на 500 евра.

**Член 6**

„Почесното рациново признание" се доделува на странски автор за афирмација и популаризација на македонската литература и култура надвор од границите на Република Македонија.

Одлуката за доделување на Почесното рациново признание ја носи Организациониот одбор.

„Почесното рациново признание" се состои од уметничка слика и плакета.

**Член 7**

Членовите на Организациониот одбор за својата работа добиваат надоместок:

- претседателот -12.000 денари;
- членовите по 10.000 денари.

Членовите на Жири комисијата за својата работа добиваат надоместок во висина од 15.000 за секој член.

**Член 8**

Во текот на организирањето и реализирањето на Манифестацијата Организациониот одбор соработува со Одделението за образование, култура, здравство, социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации и го известува Градоначалникот на Општина Велес.

По завршувањето на Манифестацијата Организациониот одбор поднесува извештај до Советот на Општина Велес.

**Член 9**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес"

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов,с.р.

**83.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за прогласување на Заклучокот за усвојување на Правилник за начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација Фестивал на античка драма „Стоби" Велес**

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација Фестивал на античка драма „Стоби" Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.03.2006 година.

Број 0801-1203/6
31 март 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 24, став 2, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.03.2006 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Правилник за начинот и постапката за реализирање на Култуната манифестација фестивал на античка драма„Стоби"**

1. Се усвојува Правилникот за начинот и постапката за реализирање на Културната манифестација фестивал на античка драма „Стоби" Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1190/7
30.03.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.